АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E SUPERVIZIMIT TË SIGURIMEVE
Бр./Nr. 03-430/8
22 10 2020 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 15 став 1 алинеја 11 од Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување, а во врска со членовите 16, 17, 19, 20, 21, 22, 23, 25, 26 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ, број 42//2020), Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на ден 22 октомври, 2020 година донесе

## Правила за пристап на субјектите до сопствените лични податоци

### Член 1

### Цел-намена

Со Правилата за пристап на субјектите до сопствените лични податоци се дефинира постапката за пристап на субјектите до сопствените лични податоци кои ги обработува Контролорот за соодветни потреби согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

### Член 2

### Подрачје на примена

Правилата се применуваат за личните податоци со кои располага Агенцијата за супервизија на осигурување, содржани во збирките на лични податоци кои се пријавени во електронскиот регистар на збирки на лични податоци кој го води Агенцијата за заштита на лични податоци.

### Член 3

### Постапка

Субјектот на лични податоци за пристап или исправка на личните податоци пополнува барање – Образец Барање за пристап или исправка на лични податоци, (прилог на овие Правила) . Барањето е објавено на веб страната на Агенцијата за супервизија на осигурување. Пополнетото барање го доставува електронски или во архивата на Агенцијата за супервизија на осигурвање.

Барањето се разгледува од страна на именуваниот офицер за заштита на лични податоци и вработен во служба/дирекција/овластено лице во Агенцијата за супервизија на осигурување кој/кое ги обработува личните податоци на субјектот.

Врз основа на барањето, субјектот добива одговор на содржината на неговиот интерес, му се дозволува увид или исправка на личните податоци, му се објаснува процесот на обработка на податоците и сл.

Одговорот на барањето се потпишува од офицерот и вработениот во Агенцијата за супервизија на осигурување кој ги обработува податоците и преку архивата се доставува на субјектот во материјална форма или електронски.

**Член 4**

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивно донесување и истите ќе се објават на огласна табла и интранет во Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Претседател на Совет на експерти**

Крсте Шајноски

ОБРАЗЕЦ_Баарање за пристап или исправка на лични податоци

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ИЛИ ИСПРАВКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

1. Јас ________________________ од ____________, како субјект на личните податоци, барам од Агенцијата за супервизија на осигурување ________________________________________ да ме информира за следново:

- дали се врши обработка на мои лични податоци;
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци
- корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат моите лични податоци
- за личните податоци и кој е изворот на податоци
- за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз мене.

Одговорот во врска со точката 1 од ова барање може да ми биде доставен на следната адреса ____ __________________, или е-маил адресата __________________.

**Барател,** **Датум**

__________________ __________________

---

2. Јас ________________________ од ____________, како субјект на личните податоци, барам од Агенцијата за супервизија на осигурување ________________________________________ да го дополни, измени, избрише или сопре користењето на моите лични податоци и тоа:

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
__________________________________________________________

Одговорот во врска со точка 2 од ова Барање, може да ми биде доставен на следната адреса _____ ____________, или е -маил адресата _________________________.

**Барател,** **Датум**

__________________ __________________